Резулати од јавната расправа и став по однос на истите од објавената Намера за спроведување на постапка на јавен тендер со јавно наддавање

Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) на 01/06/2021 објави Намера за спроведување на постапка на јавен тендер со јавно наддавање (Намера). Времетраењето на јавната расправа по објавената Намера беше заклучно со 05/07/2021. По завршувањето на јавната расправа до АЕК пристигнаа Писма за искажување на интерес од следниве заинтересирани страни:

- Неотел-за Одобренија:B41, B44, B45 и B46
- Битстрим Мобиле-за Одобренија A1 и B1
- A1 Македонија- за Одобренија: A2, A3, B2 и B3 и
- Македонски Телеком-за Одобренија: B2, A2 и/или A3

Во прилог на Писмата за искажување на интерес, заинтересираните страни доставија и предлози и коментари по однос на јавната расправа за Намерата.

Битстрим Мобиле: Како нов мрежен оператор кој би се појавил на пазарот за електронски комуникации во РСМ, на друштвото Битстрим Мобиле дооел Скопје би му било од особено значење, при дополнителната либерализација на мобилните комуникации и појава на трет мобилен оператор, за да изгради квалитетна 5G мрежа и да понуди реални пазарни цени за мобилните телекомуникациски услуги, да се олесни влезот на пазарот за електронски комуникации со минимална цена на висината на еднократниот надоместок за користење на радиофреквенции за одобренијата A1 и B1.

АЕК: Согласност за висината на еднократниот надоместок дава Владата на Македонија на предлог на АЕК. Имајки ги во предвид и останатите законски прописи од областа на заштитата на конкуренцијата, во случајот Уредба за условите и постапката за доделување на регионална помош (Службен весник на Македонија број 109/2013), во член 5 став (1) е наведено дека: Максималниот интензитет на регионалната инвестициска помош изнесува 50 % од оправданите трошоци.

A1 Македонија: Во објавената Намера, Агенцијата за електронски комуникации („Агенцијата“) изјавува дека рокот на важност на одобренијата за користење на радиофреквенции A1, A2, A3, B1, B2, B3, C1, C2, C3 и C4, по примерот на останатите регулаторни тела од европските држави и во согласност со ЕЕСС, ќе биде 15 години со можност за продолжување за уште 5 години. Мора да напоменеме дека ЕЕСС не е имплементирано во Република Северна Македонија и заради тоа не може законски да биде директно применета. Предложените рокови на важност на одобренијата не се во согласност со Законот за електронски комуникации („ЗЕК). Во согласност со член 143 од ЗЕК Агенцијата издава одобрение за користење на радиофреквенции за време не подолго од 20 години, а во согласност со член 144 времетраењето на важноста на одобрението за користење на радиофреквенции може да се продолжи по барање на имателот на истото. Барањето за продолжување на важноста на одобрението се доставува до Агенцијата, во рок не пократок од 30 дена и не подолг од шест месеци, пред истекот на неговата важност. Доколку се оцени дека се исполнети условите Агенцијата издава ново одобрение, за време не подолго од дваесет години. Заради тоа во тендерската документација не може да се ускрати ова право на имателот на одобрението, спротивно на ЗЕК кој е во важност во периодот на спроведување на постапката на доделување на одобренијата. Дополнително, 5Г технологијата подразбира значајни инвестиции и поради тоа добивање на одобрение помало од 20 години би ја довело во прашање и исплатливоста на самата инвестиција.

A1 Македонија предлага измена на првата реченица од точка 4 од објавената Намера каде треба да стои: „Рокот на важност на одобренијата за користење на радиофреквенции A1, A2, A3, B1, B2, B3, C1, C2, C3 и C4, ќе биде 20 години со можност за продолжување во согласност со член 144 од Законот за електронските комуникации.“.

АЕК: Иако ЕЕСС не е имплементиран во македонската регулатива сегашното законско решение го задоволува барањето за рокот. Рокот на важност на одобренијата за користење на радиофреквенции A1, A2, A3, B1, B2, B3, C1, C2, C3 и C4, ќе биде 15 години со можност за продолжување во согласност со член 144 од Законот за електронските комуникации (ЗЕК).

Агенција за електронски комуникации
Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

А1 Македонија: Во однос на синхронизација во Намерата, Агенцијата предлага Операторите што ќе добијат одобрение за национално покривање во опсегот 3400-3800 MHz да бидат должни да користат преферирана синхронизациска шема - Рамка А (»DDDSU«) од ECCREC(20)03.

А1 Македонија предлага вака предложената Рамка А мора да се усогласи не само во рамки на територијата на Република Северна Македонија, туку усогласувањето да мора биде во координација со соседните земји, заради тоа што во спротивно ќе имаме изразити проблеми во пограничните региони.

Дополнителен проблем со вака предложената Рамка е што Агенцијата предлага DL:UL однос од 4:1 што може да предизвика проблем кога ќе дојде до интензивно UL користење. Заради тоа бараме објаснување од страна на Агенцијата до кога планира да ја користи оваа Рамка и што ќе се случи кога ќе дојде период на интензивно UL користење.

Во спротивно Агенцијата треба да дефинира минимална ширина на заштитниот опсег во рамките на доделениот фреквенциски блок, или да воведе заштитен опсег од 10 MHz помеѓу блоковите од 100 MHz. На тој начин распределбата во опсегот 3.X GHz би била:

АЕК: Во Намерата е дефинирана наведената рамка за синхронизација од причина операторите да имаат максимална искористеност на фреквенцискиот опсег со ширина од 100 MHz. Тоа е во согласност и со регулаторните цели и начелото за ефикасно користење на радиофреквенцискиот спектар. Инаку и во самата Намера во делот за синхронизација е наведено: Доколку операторот не се прилагоди на усогласена синхронизациска шема должен е да обезбеди заштитен опсег во рамките на доделениот фреквенциски блок. Кога ќе се јави потреба за интензивно UL користење, Агенцијата во соработка со операторите ќе дефинира нова рамка за синхронизација со соодветен преоден период.

А1 Македонија: Во Намерата, Агенцијата наведува дека се базирала на претходно спроведените постапки за имплементација на 3Г и 4Г и споредбена анализа со други европски држави. Според Агенцијата еднократниот надоместок што го платил секој оператор при доделување на одобренијата за користење на радиофреквенции за 3Г изнесувал 10 милиони евра, а за 4Г изнесувал 10.3 милиони евра. Извршена била и споредба со платениот еднократен надоместок од страна на операторите во европските држави коишто имаат спроведено постапка на доделување на одобренија за 5Г за овие опсези, при што според Агенцијата имале во предвид и бројот на население во државите и куповната моќ на населението. На крај како заклучок на оваа кратка изјава Агенцијата предлага најнискиот износ на еднократниот надоместок за користење на радиофреквенции за едно одобрение во опсегот од 700 MHz да изнесува 6 милиони евра, а за едно одобрение во опсегот од 3.X GHz да изнесува 3 милиони евра.

Горното не е комплетно во согласност со членовите 134 и 135 од ЗЕК каде овој надоместок е дефиниран како пазарна вредност на радиофреквенциите, како еднократен надоместок за добивање на одобрение за користење на радиофреквенциите. Со изјава дека пред 8 или 13 години биле спроведени постапки за други фреквенции каде се постигнале тие вредности, не може така произволно да се тврди дека тоа е пазарната вредност на радиофреквенциите кои се предмет на оваа Намера.

Дополнително, Агенцијата тврди дека направила споредба со платениот еднократен надоместок од страна на операторите во европските држави коишто имаат спроведено постапка на доделување на одобренија за 5Г за овие опсези. Тоа секако не е најнискиот износ на еднократниот надоместок за кој треба Агенцијата да донесе одлука, туку износ на еднократниот надоместок кој бил постигнат по спроведените аукции. Сепак дури и за тоа нема никакви показатели ниту анализи кои ќе го потврдат презентираниот заклучок.

Заради тоа А1 Македонија направи сопствена анализа и споредба со платениот еднократен надоместок од страна на операторите во европските држави коишто имаат спроведено постапка на доделување на одобренија за 5Г за овие опсези, земајќи го во предвид и бројот на население во државите и куповната моќ на населението. На следната табела е прикажана споредбена анализа на еднократните надоместоци во држави од Европа каде е спроведена постапка за доделување на одобренија за користење на радиофреквенции во опсегот од 700 MHz земајќи ги предвид и бројот на население и куповната моќ на населението:

Држава	Година	Статус	MHz доделени	Платено M€	Цена/MHz M€	Цена/MHz/Население €cents	GDP nominal per capita	Цена/MHz/Население/Номинално GDP
Швајцарија	2019	Finished	70	52	0.74	8.7	86673	0.000100008
Австрија	2020	Finished	60	44.5	0.74	8.4	50277	0.000166178
Данска	2019	Finished	80	120	1.50	25.7	63829	0.000402594
Финска	2016	Finished	60	66.33	1.11	20.2	48461	0.000415798
Германија	2015	Finished	60	1000	16.67	20.5	45466	0.000451766
Хрватска	2021	Proposed	20	6	0.30	7.4	15646	0.000472485
Холандија	2020	Finished	60	470	7.90	45.4	53016	0.000855779
Словенија	2021	Finished	20	10.46	0.52	24.8	27452	0.00090334
Чешка	2020	Finished	60	150	2.50	23.4	24569	0.000951513
Шведска	2018	Finished	40	280	7.00	67.4	50339	0.001339633
Словачка	2020	Finished	60	98	1.63	29.9	20495	0.001461207
Италија	2018	Finished	60	2040	34.00	56.2	32947	0.001706073
Франција	2015	Finished	60	2800	46.65	70.2	39257	0.001787961
Унгарија	2020	Finished	50	190	3.80	38.9	18535	0.002100351
С. Македонија	2021	Proposed	20	6	0.30	14.4	6143	0.00235113

Од прикажаната споредба во претходната табела може да се заклучи дека предложената вредност од страна на Агенцијата за најнискиот износ на еднократниот надоместок е највисока и е многу поголема од просекот во државите од ЕУ. Истото тоа појасно е прикажано на следниот график:



Заради тоа цениме дека Агенцијата треба да ја преиспита предложената цена најнискиот износ на еднократниот надоместок за едно одобрение во опсегот од 700 MHz и да предложи вредност која ќе биде повеќе во рамки на некој просек во државите каде веќе се спроведени вакви постапки.
А1 Македонија предлага најнискиот износ на еднократниот надоместок за едно одобрение во опсегот од 700 MHz да не надминува вредност од 4 милиони евра.
Слично на претходното на следната табела е прикажана споредбена анализа на еднократните надоместоци во држави од Европа каде е спроведена постапка за доделување на одобренија за користење на радиофреквенции во опсегот од 3.X GHz земајки ги во предвид и бројот на население и куповната моќ на населението:

Држава	Година	Статус	MHz Доделени	Платени M€	Цена/MHz M€	Цена/MHz/Population €cents	DGP Nominal per capita	К3600 [Цена/MHz/Население/Номинално GDP]
Словачка	2015	Finished	120	1.17	0.010	0.18	20495	0.000008783
Велика Британија	2003	Finished	40	9.9	0.250	0.42	41030	0.000010236

Романија	2015	Finished	255	10.12	0.040	0.2	13414	0.000014910
Словачка	2016	Finished	30	0.59	0.020	0.36	20495	0.000017565
Унгарија	2016	Finished	80	2.87	0.036	0.36	18535	0.000019423
Грција	2016	Finished	60	2.54	0.042	0.39	18168	0.000021466
Словачка	2015	Finished	100	2.43	0.024	0.45	20495	0.000021957
Бугарија	2021	Finished	100	2.35	0.024	0.339764865	11321	0.000030012
Шпанија	2016	Finished	40	20.01	0.500	1.08	26831	0.000040252
Португалија	2020	Proposed	400	45.7	0.114	1.12	23132	0.000048422
Ирска	2017	Finished	350	78.17	0.220	4.67	77771	0.000060048
Финска	2018	Finished	390	77.61	0.200	3.61	48461	0.000074493
Чешка	2017	Finished	200	38.91	0.190	1.84	24569	0.000074891
Шведска	2020	Ongoing	320	149.92	0.469	4.55	50339	0.000090446
Хрватска	2021	Proposed	10	0.7	0.070	1.724917543	15646	0.000110247
Чешка	2020	Finished	200	59.13	0.296	2.76	24569	0.000112526
Австрија	2019	Finished	367	190	0.510	5.77	50277	0.000114764
Велика Британија	2020	Proposed	120	557.52	4.646	6.95	41030	0.000169436
Шпанија	2018	Finished	200	440	2.190	4.69	26831	0.000174798
Швајцарија	2019	Finished	334	445	1.332	15.54623841	86673	0.000179367
Словенија	2021	Finished	10	1.223	0.122	5.798956852	27452	0.000211240
С. Македонија	2021	Proposed	100	3	0.03	1.44	6143	0.000235113
Франција	2020	Ongoing	310	2170	7.000	10.44	39257	0.000265899
Унгарија	2020	Finished	310	150	0.490	4.98	18535	0.000268681
Велика Британија	2018	Finished	150	1320	8.770	13.23	41030	0.000322447
Германија	2019	Finished	300	4180	13.920	16.77	45466	0.000368847
Италија	2018	Finished	200	4350	21.730	35.93	32947	0.001090539

Од прикажаната споредба во претходната табела може да се заклучи дека предложената вредност од страна на Агенцијата за најнискиот износ на еднократниот надоместок е многу поголема од просекот во државите од ЕУ. Истото тоа појасно е прикажано на следниот график:



Заради тоа цениме дека Агенцијата треба да ја преиспита предложената цена најнискиот износ на еднократниот надоместок за едно одобрение во опсегот од 3.X GHz и да предложи вредност која ќе биде повеќе во рамки на некој просек во државите каде веќе се спроведени вакви постапки.
А1 Македонија предлага најнискиот износ на еднократниот надоместок за едно одобрение во опсегот од 3.X GHz да не надминува вредност од 2.6 милиони евра.

АЕК: Во согласност со Методологијата на Меѓународната унија за телекомуникации (ITU) за одредување на вредноста на спектарот, како еден од критериумите при одредување на пазарната вредност на спектарот може да се користи и цената од претходните аукции соодветно индексирана. Поради тоа, Агенцијата при одредување на висината на еднократниот надоместок го користеше и овој критериум.
Во следната табела е прикажана споредбена анализа на еднократните надоместоци во држави од Европа каде е спроведена постапка за доделување на одобренија за користење на радиофреквенции во опсегот од 700 MHz земајки ги во предвид и бројот на население и куповната моќ на населението. Како средна вредност за надоместок/MHz/население/PPP се добива коефициент од 0.004078937 EUR, при што за 20 MHz во Македонија се добива еднократен надоместок повисок од 6 милиони евра.

Држава	население	PPP	Доделен спектар (MHz)	еднократен надоместок (MEUR)	надоместок/MHz/ население/PPP
Чешка	10,600,000	93	60	150	0.002536011
Финска	5,500,000	111	60	66.33	0.001810811
Франција	67,000,000	106	60	2800	0.006570919
Германија	83000000	120	60	1000	0.00167336
Грција	10,700,000	67	20	50	0.003487237
Унгарија	9,800,000	73	50	190	0.005311714
Италија	60,400,000	96	60	2040	0.005863687
Холандија	17,300,000	128	60	470	0.003537452
Словачка	5,500,000	70	60	97.74	0.004231169
Шведска	10,200,000	119	40	280	0.005767013
Македонија	**2,000,000**	**38**	**20**	**6.199**	**0.004078937**

На следната табела е прикажана споредбена анализа на еднократните надоместоци во држави од Европа каде е спроведена постапка за доделување на одобренија за користење на радиофреквенции во опсегот од 3.x GHz земајки ги во предвид и бројот на население и куповната моќ на населението. Како средна вредност за надоместок/MHz/население/PPP се добива коефициент од 0.000787235 EUR, при што за 100 MHz во Македонија се добива еднократен надоместок малку помал од 6 милиони евра. Доколку се изземат Германија и Италија од споредбата ќе се добие надоместок малку поголем од 3 милиони евра.

Држава	население	PPP	Доделен спектар (MHz)	еднократен надоместок (MEUR)	надоместок/MHz/ население/PPP
Австрија	8900000	126	367	190	0.000461665
Чешка	10,600,000	93	200	59.13	0.000299909
Финска	5,500,000	111	390	77.61	0.000325962
Германија	83000000	120	300	4180	0.001398929
Грција	10,700,000	67	100	30	0.000418468
Унгарија	9,800,000	73	310	150	0.000676364
Ирска	4,900,000	193	350	78.17	0.000236167
Италија	60,400,000	96	200	4350	0.003751035
Романија	19,400,000	70	255	10.12	2.92241E-05
Словачка	5,500,000	70	100	2.43	6.31169E-05
Шпанија	46,900,000	91	200	440	0.000515476
Велика Британија	66,600,000	104	150	1320	0.001270501
Македонија	2,000,000	38	100	**5982984.375**	0.000787235

<u>А1 Македонија:</u> Во Намерата Агенцијата изјавува дека ќе и предложи на Владата висината на еднократниот надоместок за нов мрежен оператор за одобренијата А1 и В1 да биде намалена за 50%. Мора да напоменеме дека ваква изјава не е предвидена со ЗЕК. Со ваков предлог се доведува во ризик законитоста на целата постапка, што предизвикува законски ризик за целиот процес на имплементација на 5Г.

А1 Македонија смета дека доделувањето на одобренија за користење на радиофреквенции треба да биде транспарентно и недискриминаторски во согласност со ЗЕК. Според член 135 од ЗЕК, почетниот износ на пазарната вредност на радиофреквенциите, како еднократен надоместок треба да биде определен од пазарните услови, а не со интервенција на регулаторот или министерството, со што би се направило дискриминација и фаворизирање на една компанија наспроти друга при тендерската постапка што исто така е спротивно на Законот за заштита на конкуренцијата. Заради тоа сметаме дека Агенцијата не смее да прави дискриминација во однос на тендерските услови за доделување на одобренија за користење на радиофреквенции, посебно не во однос на најнискиот износ на еднократниот надоместок за кој во самиот закон е дефинирано да биде пазарно определен.
А1 Македонија предлага бришење на оваа одредба од страна 6 од Намерата.

<u>АЕК:</u> Една од целите на ЗЕК е и обезбедување на ефикасна и одржлива конкуренција на пазарот за електронски комуникации. Исто така во согласност со ЗЕК, Агенцијата поттикнува конкуренција во обезебедувањето на јавни електронски комуникациски мрежи, јавни електронски комуникациски услуги и придружните средства и услуги на начин што крајните корисници, вклучувајќи ги и лицата со инвалидитет, старите лица и лицата со посебни социјални потреби, добиваат максимална корист што се однесува до изборот, цената и квалитетот. Имајќи во предвид дека Македонија е единствена држава во Европа со само 2 мрежни оператори, секако дека мора да се изнајдат начини од страна на државата да се стимулира влез на нов мрежен оператор кој ќе може да понуди услуги согласно пазарните услови и притоа крајните корисници да добијат максимална корист што се однесува до изборот, цената и

квалитетот. Предлогот што го дава АЕК до Владата воопшто не прекршува ниту една одредба од ЗЕК и е во целосна согласност со законските прописи од областа на заштитата на конкуренцијата. Имено, овој предлог на АЕК е во согласност со Законот за контрола на државната помош (Службен весник на Македонија број 145/2010) (член 4, дефиниција за Регионална помош) и со Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош [член 3 став (1), член 4, член 5, член 6 и член 7 став (5)].

А1 Македонија: Дополнително, како што досега неколку пати имаме потеницрано, А1 Македонија има интерес за добивање на едно одобрение за користење на радиофреквенции за 2Х10 MHz во опсезите 1930-1935MHz/2120-2125MHz и 1945-1950MHz/2135-2140MHz, со важност од 20 години. Земајќи ги предвид и околностите за недоделување на одобрението од претходно започнатите, но не завршени постапки, сметаме дека треба коректно да биде доделувањето на ова одобрение да биде вклучено во постапката на доделување на одобренија за користење на претходно споменатите радиофреквенции.

А1 Македонија предлага дополнување на Намерата со доделување на одобрение за користење на 2Х10 MHz фреквенции во предложениот опсег, со важност од 20 години и најнискиот износ на еднократниот надоместок за едно одобрение од 2Х10 MHz во опсегот од 2.1 GHz да не надминува вредност од 2.6 милиони евра.

АЕК: Тендерската постапка за доделување на Одобренија за користење на радиофреквенции во радиофреквенцискиот опсег 2100 MHz, која започна уште во 2019 е сеуште во тек. Согласно ЗЕК од страна на АЕК поднесено е Барање за добивање на согласност за висината на еднократниот надоместок до Владата на 06/11/2019. Во текот на декември 2020 од страна на АЕК испратен е допис до Владата за информација за статусот на Барањето. Уште два дописи се испратени од АЕК до Владата за информација за статусот на Барањето, во февруари и во март 2021. До изготвувањето на овие Резултати од јавната расправа и став на АЕК, АЕК сеуште нема добиено одговор од Владата. Треба да се напомене дека оваа постапка е во тек и е активна и во ваков статус АЕК нема можност да ја вклучи во постапката за доделување на радиофреквенции наменети за воведување на 5G.

Македонски Телеком: Според регулаторната политика на Агенцијата во однос на користењето на радиофреквенции за обезбедување на услови за присуство на пазарот на повеќе од два мрежни оператори на јавни мобилни електронски комуникациски мрежи/услуги, во Намерата е наведено дека се планира одобренијата А1 и В1 да бидат резервирани за доделување на нов мрежен оператор.

Би сакале да потенцираме и во оваа прилика дека во сите опсези веќе постојат резервации за нов мрежен оператор иако сме сведоци дека во изминатиот период нема заинтересирани субјекти кои сакале да станат трет мрежен оператор односно да ги користат резервираните радиофреквенции. Радиофреквенцискиот спектар во Република Македонија сеуште не е ограничен ресурс односно повеќе од 50% од радиофреквенциите во т.н. “core” bands (700,800,900,1800,2100,2600 MHz) се слободни и досега не е искажан интерес за нивно искористување од нов мрежен оператор. Бидејќи сериозна намера за купување на радиофреквенции не беше искажана ни во 5G јавната расправа од Април 2020 година од страна на нови оператори, резервацијата во опсезите 700 MHz и 3.x GHz сметаме дека нема логика и сосема непотребно уште повеќе ќе го зголеми неефикасното користење на спектарот. Тоа ќе доведе до вештачки предизвикан недостиг на радиофреквенции и ќе значи дополнително ограничување за постоечките мрежни оператори. Развојот на продукти со примена на 5G технологијата во наредните години сигурно ќе значи и зголемување на веќе планираните капацитети односно потреба од дополнителни радиофреквенции особено на опсезите 700 MHz и 3.x GHz.

Доколку и по оваа јавна расправа не бидат доставени писма на интерес за купување на радиофреквенции во опсезите 700 MHz и 3.x GHz од нов мрежен оператор, инсистираме Агенцијата да ја преиспита својата одлука и да овозможи ослободување и купување на резервираните радиофреквенции за постоечките оператори односно да бидат достапни и одобренијата А1 и В1 во оваа постапка. Исто така предлагаме ослободување и на опсезите 900 и 1800 MHz за потенцијално користење од страна на постоечките оператори.

АЕК: Имајќи го во предвид фактот дека Македонија е единствена држава во Европа со само 2 мрежни оператори, неопходно е регулаторот да применува политики за привлекување на нови мрежни оператори. Една од тие политики е и обезбедување на слободни радиофреквенции во сите радиофреквенциски опсези наменети за копнено мобилна служба за влез на нов мрежен оператор. Имајќи го ова во предвид на Јавниот повик за добивање на мислење од заинтересирани страни во врска со издавање на одобренија за користење на радиофреквенции за 5G кој беше организиран во пролет 2020 се појави интерес од заинтересирана страна за влез на пазарот на електронски комуникации во Македонија како нов мрежен оператор. Исто така интерес за влез на пазарот на електронски

комуникации на оваа објавена Намера пројави компанијата Битстрим Мобиле. Тоа покажува дека политиките кои ги спроведува АЕК сепак можат да завршат со успех.

Македонски Телеком: Агенцијата предлага рокот на важност на одобренијата за користење на радиофреквенции А1, А2, А3, В1, В2, В3, С1, С2, С3 и С4, по примерот на останатите регулаторни тела од европските држави и во согласност со ЕЕСС, да биде 15 години со можност за продолжување за уште 5 години.

Во Законот за електронски комуникации важноста на одобренијата е дефинирана во член 143 став 1 и изнесува не подолго од 20 години. Предлогот важноста на одобрението да биде согласно одредбите на ЕЕСС не може да се примени се додека Законот за електронски комуникации не е усогласен со ЕЕСС, што веројатно ќе се случи во наредните години, но сепак во овој момент кај нас ЕУ регулативата во врска со важноста на одобренијата не е на сила. Заради регулативна предвидливост и поврат на инвестициите и трошоците во новите мрежи и електронски комуникациски услуги, предлог на МКТ е важноста на одобренијата да биде 20 години со можност за продолжување согласно одредбите од важечкиот закон.

АЕК: Иако ЕЕСС не е имплементиран во македонската регулатива сегашното законско решение го задоволува барањето за рокот. Рокот на важност на одобренијата за користење на радиофреквенции А1, А2, А3, В1, В2, В3, С1, С2, С3 и С4, ќе биде 15 години со можност за продолжување во согласност со член 144 од ЗЕК.

Македонски Телеком: По објавување на оваа Намера, Агенцијата на 04.06.2021 година објави јавна расправа со предлог за намалување на годишните надоместоци за користење на радиофреквенции за опсегот 700 MHz и 3.x GHz за 20% меѓутоа не и за останатите опсези во мобилна служба.

Предлогот за намалување на годишните надоместоци е секако за поздравување но имајќи ја во предвид сегашната висина на годишните надоместоци, 20% намалување е незначително во апсолутна вредност. Македонија има многу висок годишен надоместок во опсегот 3.xGHz, во останатите ЕУ земји за овој опсег воопшто не се плаќа годишен надоместок (Германија, Финска, Швајцарија, Италија, Франција) или годишниот надоместок е симболичен како на пример во Австрија каде се плаќа 700 EUR/MHz и Полска каде се плаќа 1736 EUR/MHz. Со намалување од 20% во опсегот 3.x GHz кај нас би се плаќало 3200 EUR/MHz што е три пати повеќе од надоместокот во Австрија а доколку се земе во предвид и нормализација на износот по број на жители и куповна моќ на населението разликата ќе биде уште поголема.



Слика 1. Годишните надоместоци за 3.x GHz во ЕУ земјите со статус Февруари 2021 година

Ист е случајот и со годишните надоместоци за опсегот 700 MHz на ЕУ ниво прикажани на сликата подоле. Во голем број на земји нема годишен надоместок за овој опсег (на пример: Грција, , Италија, Обединетото кралство) или се симболични (Германија, Холандија). Во опсегот 700MHz во Македонија надоместокот за користење на радиофреквенции е 378% над медијан вредноста.



Слика 2. Годишните надоместоци за 700 MHz во ЕУ земјите со статус Февруари 2021 година

Во графикот подоле се прикажани годишните надоместоци во европските земји во Eurocent/MHz/pop/ од кој се гледа дека во опсегот 2100 MHz Македонија има надоместок со висина повеќе од два пати над европскиот просек. Во опсегот 2100 MHz единствено во Хрватска годишниот надоместок за користење на радиофреквенции е повисок од Македонија, но Хрватска има намера значително да ги намали годишните надоместоци за "legacy " опсезите по 2024 година. Во опсегот 2100 MHz надоместокот за користење на радиофреквенции во Македонија е +604% над медијан вредноста.



Слика 3. Годишните надоместоци за 2100 MHz во ЕУ земјите со статус Февруари 2021 година

Доколку се примени друга методологија, односно годишни надоместоци за користење на радиофреквенции во Република Македонија се нормализираат со приходите од мобилни услуги и се споредат со вредностите од ЕУ земјите, ќе се заклучи повторно дека Македонија има надоместоци со висина повеќе од два пати над европскиот просек. Сметаме дека е неопходно намалување на надоместоците за користење на радиофреквенции во сите опсези на ниво на ЕУ вредности со што би се стимулирање операторите да инвестираат во побрз развој на мрежите од новите генерации.

Како заклучок од погоре опишаниот ЕУ бенчмарк предлагаме намалување на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции за 50% во опсезите 3.x GHz, 700 MHz и 2100 MHz. Со тоа би се приближиле до ЕУ бенчмарк нивото а средствата од намалувањето на годишните надоместоци ќе бидат употребени за повеќе инвестиции во изградба на 5G мрежа и многу побрзо исполнување на сите обврски за покриеност дефинирани во точка 4 b) од Намерата, односно поскоро остварување на обврските за покривање од Националната бродбенд стратегија дефинирани да се остварат до 2027 и 2029 година.

Дополнително доделените радиофреквенции на 700 MHz, 3.x GHz и 2100 MHz на двата мобилни оператори ќе значат и дополнителен прилив во буџетот на Агенцијата за приближно 2 милиони евра. Со 50% намалување на годишниот надоместок на 3.x GHz, 700 MHz и 2100 MHz, буџетот на Агенцијата ќе се зголеми за приближно 650 000 евра што е дополнителен аргумент дека намалувањето на годишните надоместоци нема да ги афектираат тековните финансиски обврски на Агенцијата.

Со измена на финансискиот план на Агенцијата за 2021 година, дополнително на планираниот прилив од надоместоци од операторите од околу 9 милиони евра, префрлени се 7 милиони евра неискористени средства од минати години. Ова укажува на постоење на неискористени средства во буџетот над административните потреби на Агенцијата и користење на тие средства за цели различни од остварување на надлежностите на Агенцијата, што укажува дека намалување на годишните надоместоци за користење на радиофреквенции е неопходно и заради исполнување со релевантните одредби од Законот за електронски комуникации.

Согласно Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија", бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/2015, 11/2018, 21/2018,98/2019, 92/21), Член 29 став 1, висината на годишните приходите кои ги има Агенцијата треба да бидат изедначени исклучиво со административните трошоци, "*Агенцијата се финансира од средствата остварени од приходите од надоместоците утврдени во оваа глава од овој закон заради покривање на административните трошоци за спроведување на своите надлежности утврдени со овој закон.".*

АЕК: Овој коментар се однесува на Јавната расправа за Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции. Во случајов се работи за Јавна расправа по објавената Намера.

Македонски Телеком: Во Намерата Агенцијата наведува дека параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги што се обезбедуваат треба да бидат во согласност со

„Правилникот за параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги кои се остваруваат преку јавна радиокомуникациска мрежа“.

Би сакале да потенцираме дека доколку се зголемат целните вредности на параметрите за квалитет во правилникот особено целната вредност за брзината на пренос на податоци, тоа би создало кај операторите несигурност од аспект на идните обврски, односно значи дополнителни непредвидени обврски кои операторите би ги имале надвор од условите на 5G тендерот.
Предлагаме и сметаме дека е неопходно во првите 3 до 4 години од купување на 5G спектарот да не се зголемуваат целните вредности на параметрите за квалитет во правилникот а секоја евентуална промена на вредностите да ги изразува реалните кориснички потреби. Целните вредности на брзината на пренос на податоци треба да го следат развојот на услугите и не смеат да бидат поголеми од потребите на “used cases” кои моментално се во употреба (на пример: 4к видео бара проток од приближно 25Mbps а 4k сеуште не е најкористен формат за следење на ТВ).

АЕК: Правилникот за параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги кои се остваруваат преку јавна радиокомуникациска мрежа е само еден од подзаконските акти кои АЕК, согласно ЗЕК, треба да ги спроведува. Сите подзаконски акти, вклучително и наведениот, се носат транспарентно и во соработка со сите заинтересирани страни, вклучително и операторите и крајните корисници, за кои се организираат јавни расправи и по нивното донесување секако дека истите треба да се спроведуваат.

Македонски Телеком: Агенцијата предлага висината на најнискиот износ на еднократниот надоместок за користење на радиофреквенции за опсегот 700 MHz за 2x10 MHz да изнесува 6 милиони евра а за опсегот 3.x GHz за 100 MHz да изнесува 3 милиони евра. За определување на висината на најнискиот износ на еднократниот надоместок Агенцијата се базира на претходно спроведените постапки за имплементација на 3Г и 4Г и споредбена анализа со други европски држави. Исто така Агенцијата потенцира дека е извршена и споредба со платениот еднократен надоместок од страна на операторите во европските држави коишто имаат спроведено постапка на доделување на одобренија за 5Г опсезите, при што земен е во предвид бројот на население во државите и куповната моќ на населението.

Според анализите кои ги подготви Македонски Телеком а кои исто така се темелат на податоци за најниска вредност на еднократниот надомест во ЕУ земјите во кои во изминатите години се спроведоа постапки за доделување на 5G радиофреквенции а земени се во предвид бројот на население во државите и куповната моќ на населението, најниската вредност на еднократниот надомест е значително помала од предложеното од страна на Агенцијата. При тоа треба да се има во предвид дека еднократниот надоместок кој се предлага во оваа фаза на постапката за доделување е најниската вредност (reserved price или start price) која се дефинира како почетна цена на аукција (јавно наддавање). Во услови кога на пазарот има два оператори кои може да прејават интерес за ист дел од спектарот и постапката да продожи со јавно наддавање, еднократниот надомест може значително да се зголеми. Поради тоа значајно е да се определи реална висина на почетната вредност на еднократниот надомест кој ќе соодвествува на ЕУ бенчмарк анализа за reserved price што ќе остави простор и за потенцијално покачување на цената во услови на наддавање. Не постои основ Агенцијата при предлагање на цените да прејудицира дека наддавање нема да се случи.

МКТ направи анализа на почетните цени на еднократниот надомест во ЕУ земјите споредените со предложените цени од страна на Агенцијата земајќи во предвид бројот на жители од државите и куповната моќ на населението.



Слика 4. Најнискиот износ на еднократниот надоместок за користење на радиофреквенции во земјите на ЕУ за 700 MHz



Слика 5. Најнискиот износ на еднократниот надоместок за користење на радиофреквенции во земјите на ЕУ за 3.xGHz

Од погоре презентираната бенчмарк анализа може да се заклучи дека цените за почетна вредност на еднократниот надомест предложени од Агенцијата се многу над медијан вредноста која во случај на 700 MHz изнесува 3,24 милиони евра а за 3.x GHz изнесува 0,61 милиони евра. Предложените цени од страна на Агенцијата се повисоки дури и од финалните цени по спроведените аукции во земјите на ЕУ, што секако од аспект на методологија не е исправно и не става во незавидна позиција. Со вака дефиниран најнизок износ на еднократниот надоместок, во услови на наддавање за една лиценца, операторите би платиле финални цени многу повисоки од финалните цени за еднократен надомест платени во ЕУ.

Во Намерата се наведува дека АЕК ќе и предложи на Владата висината на еднократниот надоместок за нов мрежен оператор за одобренијата А1 и В1 да биде намалена за 50%. Сакаме да потенцираме дека ваквиот предлог е спротивен на конкурентските одредби од Законот за електронски комуникации и ќе значи привилегирано статус на новиот мрежен оператор.
Во Намерата во точка 4 исто така дефинирана е и најниската вредност на еднократниот надомест за одобренијата В41, В44, В45 и В46 кои се наменети за регионално покривање во фиксна служба. Агенцијата предлага висината на најнискиот износ на еднократниот надоместок за користење на радиофреквенции во фиксна служба да изнесува од 7000 евра до 14000 евра во зависност од регионот за период од 7 години и опсег од 23,5 MHz, односно 36300 евра за одобренија за сите региони со кои би можело се добило национално покривање по население.
Може да се заклучи дека предложената најниска вредност на еднократниот надомест за националните одобренијата наменети во мобилна служба се несразмерно високи во споредба со предложените вредности на најниската вредност на еднократниот надомест за одбренијата во фиксна служба. Ако како основа за дефинирање на вредноста на лиценците ги земеме во предвид цените за мобилни и фиксни гласовни повици, предложената најниска вредност на еднократниот надомест за одобренија во мобилна служба би требало да биде неколку пати пониска, односно не повеќе од 600 000 евра, како дополнителен аргумент за нашиот предлог изнесен погоре во текстот.
Поради сите аргументи во ова писмо предлагаме Агенцијата сериозно да ги разгледа нашите предлози со особен фокус на намалување на цените на најнискиот износ на еднократниот надоместок за користење на радиофреквенции базирани на ЕУ искуства за почетни цени (start price) за 5G опсезите, односно за опсегот 700 MHz најниската вредност на еднократниот надомест да не надмине 3,24 милиони евра, а за 3.x GHz да не надмине 0,61 милиони евра.

Покрај погоре наведеното, а во насока на финализирање на процесот на продажба на фреквенциите, Македонски Телеком сака да изрази подготвеност да плати износ од 9 милиони евра за пакетот 2x15MHz (1965-1980/2155-2170), во опсегот 2100 MHz, 2x10 MHz на 700 MHz и 100 MHz во опсегот 3600 – 3700 MHz (В2), со важност на одобренијата од 20 години и можност за продолжување согласно одредбите од важечкиот закон.

АЕК: Во согласност со Методологијата на ITU за одредување на вредноста на спектарот, како еден од критериумите при одредување на пазарната вредност на спектарот може да се користи и цената од претходните аукции соодветно индексирана. Поради тоа, Агенцијата при одредување на висината на еднократниот надоместок го користеше и овој критериум.
Во следната табела е прикажана споредбена анализа на еднократните надоместоци во држави од Европа каде е спроведена постапка за доделување на одобренија за користење на радиофреквенции во опсегот од 700 MHz земајки ги во предвид и бројот на население и куповната моќ на населението. Како средна вредност за надоместок/MHz/население/PPP се добива коефициент од 0.004078937 EUR, при што за 20 MHz во Македонија се добива еднократен надоместок повисок од 6 милиони евра.

Држава	население	PPP	Доделен спектар (MHz)	еднократен надоместок (MEUR)	надоместок/MHz/ население/PPP
Чешка	10,600,000	93	60	150	0.002536011
Финска	5,500,000	111	60	66.33	0.001810811
Франција	67,000,000	106	60	2800	0.006570919
Германија	83000000	120	60	1000	0.00167336
Грција	10,700,000	67	20	50	0.003487237
Унгарија	9,800,000	73	50	190	0.005311714
Италија	60,400,000	96	60	2040	0.005863687
Холандија	17,300,000	128	60	470	0.003537452
Словачка	5,500,000	70	60	97.74	0.004231169
Шведска	10,200,000	119	40	280	0.005767013
Македонија	**2,000,000**	**38**	**20**	**6.199**	**0.004078937**

На следната табела е прикажана споредбена анализа на еднократните надоместоци во држави од Европа каде е спроведена постапка за доделување на одобренија за користење на радиофреквенции во опсегот од 3.x GHz земајќи ги во предвид и бројот на население и куповната моќ на населението. Како средна вредност за надоместок/MHz/население/PPP се добива коефициент од 0.000787235 EUR, при што за 100 MHz во Македонија се добива еднократен надоместок малку помал од 6 милиони евра. Доколку се изземат Германија и Италија од споредбата ќе се добие надоместок малку поголем од 3 милиони евра.

Држава	население	PPP	Доделен спектар (MHz)	еднократен надоместок (MEUR)	надоместок/MHz/ население/PPP
Австрија	8900000	126	367	190	0.000461665
Чешка	10,600,000	93	200	59.13	0.000299909
Финска	5,500,000	111	390	77.61	0.000325962
Германија	83000000	120	300	4180	0.001398929
Грција	10,700,000	67	100	30	0.000418468
Унгарија	9,800,000	73	310	150	0.000676364
Ирска	4,900,000	193	350	78.17	0.000236167
Италија	60,400,000	96	200	4350	0.003751035
Романија	19,400,000	70	255	10.12	2.92241E-05
Словачка	5,500,000	70	100	2.43	6.31169E-05
Шпанија	46,900,000	91	200	440	0.000515476
Велика Британија	66,600,000	104	150	1320	0.001270501
Македонија	2,000,000	38	100	**5982984.375**	0.000787235

Една од целите на ЗЕК е и обезбедување на ефикасна и одржлива конкуренција на пазарот за електронски комуникации. Исто така во согласност со ЗЕК, Агенцијата поттикнува конкуренција во обезебедувањето на јавни електронски комуникациски мрежи, јавни електронски комуникациски услуги и придружните средства и услуги на начин што крајните корисници, вклучувајќи ги и лицата со инвалидитет, старите лица и лицата со посебни социјални потреби, добиваат максимална корист што се однесува до изборот, цената и квалитетот. Имајќи во предвид дека Македонија е единствена држава во Европа со само 2 мрежни оператори, секако дека мора да се изнајдат начини од страна на државата да се стимулира влез на нов мрежен оператор кој ќе може да понуди услуги согласно пазарните услови и притоа крајните корисници да добијат максимална корист што се однесува до изборот, цената и квалитетот. Предлогот што го дава АЕК до Владата воопшто не прекршува ниту една одредба од ЗЕК и е во целосна согласност со законските прописи од областа на заштитата на конкуренцијата. Имено, овој предлог на АЕК е во согласност со Законот за контрола на државната помош (член 4, дефиниција за Регионална помош) и со Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош [член 3 став (1), член 4, член 5, член 6 и член 7 став (5)].
Најнискиот износ на еднократниот надоместок за опсегот 3.x за фиксна служба е пресметан со соодветно намалување на надоместокот за мобилна служба, а земајќи го во предвид рокот на важност на одобренијата, широчината на доделен радиофреквенциски опсег, регионалниот карактер на одобренијата и дека одобренијата се за фиксна служба.

<u>Став на АЕК:</u> Имајќи ги во предвид Резултатите од јавната расправа по објавената Намера и пројавениот интерес за Одобренијата кои треба да се доделат, а во согласност со член 134 став (6) АЕК ќе објави јавен тендер со јавно наддавање.

Скопје, 08/07/2021 **Агенција за електронски комуникации**